OHRIDSKA BANKA

SOCIETE GENERALE GROUP

**Врз основа на Одлуката на Народна банка на Република Македонија за објавување извештаи и податоци од страна банката (Сл. Весник на РМ, бр.134/2007), Охридска банка АД Скопје објавува:**

# ИЗВЕШТАЈ И ПОДАТОЦИ
## на ден 31.12.2016 година

**СОДРЖИНА:**

**1. Податоци за Банката**
**1.1. Податоци за банкарска група**
**2. Податоци за акционерската структура на Банката- акционери со квалификувано учество**
**3. Податоци за сопствените средства и за адекватноста на капиталот на Банката**

| **1. ПОДАТОЦИ ЗА БАНКАТА** | |
|---|---|
| **Назив:** | Охридска банка АД Скопје |
| **Матичен број:** | 5004756 |
| **Седиште:** | Скопје,<br>Орце Николов 54, 1000 Скопје |
| **Организациска структура:** | Организациска структура 2016 |
| **Број на вработени на 30.6.2016:** | 409 |
| **Преглед на финансиски активности кои може да ги врши согласно со дозволата за основање и работење издадена од Гувернерот на НБРМ (<u>Решение број 15810 од 30.4.2013 година</u>):** | • Прибирање депозити и други повратни извори на средства;<br>• Кредитирање во земјата, вклучувајќи и факторинг и финансирање на комерцијални трансакции<br>• Кредитирање во странство, вклучувајќи и факторинг и финансирање на комерцијални трансакции<br>• Издавање и администрирање платежни средства (парични картички, чекови, патни чекови, меници);<br>• Финансиски лизинг;<br>• Менувачки работи;<br>• Платен промет во земјата и странство, вклучувајќи купопродажба на девизи;<br>• Брз трансфер на пари;<br>• Издавање платежни гаранции, авали и други форми на обезбедување;<br>• Изнајмување сефови, остава и депо;<br>• Тргување со инструменти на пазарот на пари<br>• Тргување со девизни средства, што вклучува и тргување со благородни метали;<br>• Тргување со хартии од вредност;<br>• Чување на хартии од вредност за клиенти;<br>• Советување на правни лица во врска со структурата на капиталот, деловната стратегија ил поврзани прашања или давање услуги поврзани со спојување или припојување на правни лица<br>• Продажба на полиси за осигурување;<br>• Посредување во склучување договори за кредити и заеми; |

| | |
|---|---|
| | • Обработка и анализа на информации за кредитна способност на правни лица;<br>• Економско-финансиски консалтинг<br>• Застапување во осигурување. |
| **Преглед на финансиски активности кои во моментот ги врши:** | • Прибирање депозити и други повратни извори на средства;<br>• Кредитирање во земјата, вклучувајќи и факторинг и финансирање на комерцијални трансакции<br>• Кредитирање во странство, вклучувајќи и факторинг и финансирање на комерцијални трансакции<br>• Издавање и администрирање платежни средства (парични картички, чекови, патни чекови, меници);<br>• Финансиски лизинг;<br>• Менувачки работи;<br>• Платен промет во земјата и странство, вклучувајќи купопродажба на девизи;<br>• Брз трансфер на пари;<br>• Издавање платежни гаранции, авали и други форми на обезбедување;<br>• Изнајмување сефови, остава и депо;<br>• Тргување со инструменти на пазарот на пари;<br>• Тргување со девизни средства, што вклучува и тргување со благородни метали;<br>• Тргување со хартии од вредност;<br>• Застапување во осигурување. |
| **Преглед на финансиски активности за кои од страна на Гувернерот на НБРМ е изречена забрана или ограничување за нивно вршење, односно е повлечена согласноста:** | Нема |
| **1.1. ПОДАТОЦИ ЗА БАНКАРСКА ГРУПА** | |
| **Назив, седиште и претежна дејност на матичното лице, како и на секој член на банкарската група:** | Податоци за членки на Societe Generale Групација:<br><br>http://www.societegenerale.com/en/Our-businesses/Office-locator<br><br>Членки на SGG MK |
| **Организациска структура на банкарската група:** | Организациона шема на Societe Generale Групација |
| **Учество на Банката во вкупниот број на акции и во акциите со право на глас во секој член на банкарската група:** | Охридска банка АД Скопје не поседува акции, ниту акции со право на глас во некоја од членките на банкарската група. |
| **2. ПОДАТОЦИ ЗА АКЦИОНЕРСКАТА СТРУКТУРА НА БАНКАТА - АКЦИОНЕРИ СО КВАЛИФИКУВАНО УЧЕСТВО** | |
| **Назив на акционерот, седиште, правна форма, претежна дејност и процент на учество во вкупниот** | **1. Societe Generale**<br>Дирекција: 29, Bd Haussmann – 75009 Париз, Франција<br>Тел.: 33 (0)1 42 14 20 00<br>Француска корпорација основана во 1864<br>Акционерско друштво, Банкарство и финансии |

| | |
|---|---|
| **број акции и во вкупниот број издадени акции со право на глас во банката, со состојба 31.12.2016:** | Процент на учество во вкупен број акции на Банката:70.02%<br>Процент на учество во вкупен број акции со право на глас во Банката: 70,97% |
| **Вкупен број акционери кои немаат квалификувано учество во банката и нивно вкупно учество во вкупниот број акции и во вкупниот број издадени акции со право на глас во банката, со состојба 31.12.2016:** | Број на акционери кои немаат квалификувано учество во Банката<br>**650**<br>Учество во вкупниот број акции издадени од Банката<br>**29.98%**<br>Учество во вкупниот број акции со право на глас издадени од Банката<br>**29,03 %** |
| **3. ПОДАТОЦИ ЗА СОПСТВЕНИТЕ СРЕДСТВА И ЗА АДЕКВАТНОСТА НА КАПИТАЛОТ НА БАНКАТА** | |
| **Износот на почетниот капитал кој е запишан во Централниот регистар:** | 1.162.252.900,00 МКД |
| **Бројот на акциите од секој род и класа, како и номиналниот износ на акциите:** | Обични акции 438.586<br>Номинален износ на една акција 2.650 МКД<br>Номинален износ на акциите 1.162.252.900,00 МКД<br>Банката поседува само обични акции со право на глас |
| **Опис на карактеристиките на основните компоненти на сопствени средства:** | Сопствените средства претставуваат збир на основниот капитал и дополнителниот капитал намалени за одбитните ставки, утврдени согласно Одлуката за методологијата за утврдување на адекватноста на капиталот имајќи ги предвид следните ограничувања:<br>• Дополнителниот капитал не смее да биде поголем од износот на основниот капитал;<br>• Збирот на износот на кумулативните приоритетни акции и субординираните инструменти кои се дел од дополнителниот капитал не смее да надмине 50% од износот на основниот капитал;<br>Позициите кои се дел од основниот капитал ги исполнуваат следните услови:<br>а) да се безусловно неповратни, немаат рок на достасување и не содржат клаузули или друг вид одредби коишто даваат можност за откупување, повлекување или исплата;<br>б) исплатата на дивиденда се врши само по исплата на сите правни и договорни обврски на банката и позициите не се оптоварени со задолжителна обврска за банката за редовна исплата на дивиденда;<br>в) да се во целост и веднаш на располагање за покривање на ризиците и загубите за време на работењето на банката;<br>г) да се во целост и неограничено расположиви за покривање на обврските на банката кон нејзините доверители во случај на стечај односно ликвидација на Банката.<br>Компоненти на основниот капитал на Банката се номиналната вредност на запишаните и уплатени обични акции, премијата од овие акции, резервите и задржаната нераспоредена добивка која не е оптоварена со идни обврски, тековната добивка доколку се исполнати условите предвидени со Одлуката и Добивката по оданочувањето на крајот на годината утврдена врз основа на неревидираните финансиски извештаи доколку се исполнети условите дефинирани во Одлуката. Основниот капитал е намален за износот на негативните нето ревалоризациски резерви.<br>Во дополнителниот капитал се вклучени субординираните инструменти на Банката и 100% од Ревалоризациската резерва утврдена согласно со Одлуката |

OHRIDSKA BANKA

SOCIETE GENERALE GROUP

| | |
|---|---|
| | за сметководствениот и регулаторниот третман на преземените средства врз основа на ненаплатени побарувања. |
| **Износ и компоненти на основниот капитал, утврден согласно Одлуката за Методологијата за утврдување на адекватноста на капиталот:** | Основниот капитал на Банката изнесува 2.967.767 илјади денари и се состои од:<br>• Номинална вредност на обични акции: 1.162.253 илјади денари;<br>• Премија од овие акции: 127.228 илјади денари;<br>• Резервен фонд: 122.597 илјади денари;<br>• Нераспределена добивка: 1.164.106 илјади денари<br>• Tekovna dobivka 391.583 iljadi denari.. |
| **Износ и компоненти на дополнителниот капитал, како и нивниот износ кој согласно со Методологијата за утврдување на адекватноста на капиталот, може да биде дел од сопствените срадства на банката:** | Дополнителниот капитал изнесува 4 869.106 илјади денари и се состои од: Субординирани инструменти во износ од 860.737 илјади денари; Ревалоризациска резерва утврдена согласно со Одлуката за сметководствениот и регулаторниот третман на преземените средства врз основа на ненаплатени побарувања: .8 369 илјади денари. |
| **Видот на одбитните ставки од основниот капитал и дополнителниот капитал** | Нема. |
| **Вкупен износ на сопствени средства и висина на адекватност на капиталот со состојба 30.06.2014:** | Вкупен износ на Сопствени Средства - 3.836.873 илјади МКД<br><br>Адекватност на капиталот 12.8% |
| **Висината на капиталот потребен за покривање на кредитниот ризик, утврден согласно Методологијата за утврдување на адекватноста на капиталот, прикажан одделно за билансните и вонбилансните ставки:** | Капитал потребен за покривање на кредитен ризик изнесува: 2.169.148 илјади денари.<br><br>Капитал потребен за покривање кредитен ризик од билансни ставки: 1.798.127 илјади денари.<br><br>Капитал потребен за покривање кредитен ризик од вонбилансни ставки: 371.020 илјади денари. |

| | |
|---|---|
| **Висината на капиталот потребен за покривање на валутниот ризик утврден согласно Методологијата за утврдување на адекватноста на капиталот:** | Капиталот потребен за покривање на валутниот ризик изнесува 26.937 илјади денари. |
| **Висината на капиталот потребен за покривање на пазарниот ризик, утврден согласно Методологијата за утврдување на адекватноста на капиталот, при што одделно се прикажува износот на капиталот потребен за покривање на генералниот и специфичниот ризик од вложувања во сопственички хартии од вредност и вложувања во должнички инструменти од портфолиото за тргување и износот на капиталот потребен за покривање на ризикот од порамнување/испорака и ризикот од другата договорна страна:** | Нема. |
| **Висината на капиталот потребен за покривање на ризикот од промена на цената на стоките:** | Нема. |
| **Висината на капиталот потребен за покривање на надминувањето на лимитите на изложеност:** | Нема. |

| | |
|---|---|
| **Висината на капиталот потребен за покривање на оперативниот ризик:** | Капиталот потребен за покривање на оперативниот ризик изнесува 199.975 илјади денари. |
| **Висината на капиталот потребен за покривање други ризици, доколку банката по сопствена оценка утврдила дополнителен износ на капитал потребен за покривање на тие ризици, или доколку Народната банка утврдила дополнителен износ на потребен капитал, заради природата, видот и обемот на активностите коишто ги извршува банката и ризиците на кои е изложена како резултат на тие активности:** | Нема. |
| **4. ПОДАТОЦИ ЗА ПРОЦЕСОТ НА УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИЦИТЕ** | |
| **Стратегии и процеси за управување со секој поединечен ризик:** | Стратешкиот пристап и процесот на управувањето со ризиците на Охридска банка го опфаќа идентификувањето, оценката, мерењето, следењето и контролата на сите видови ризици.<br>Банката во извршување на своите редовни финансиски активности, активно управува со следните видови на ризици:<br><br>1. Кредитен ризик или ризик од загуби на кои подлежи банката, поради неможноста нејзините клиенти да ги измируваат своите обврски кон неа, во предходно договорениот износ и рокови;<br>2. Ликвидносен ризик или ризик од загуби поради неможност на банката да обезбеди доволно средства за измирување на своите краткорочни обврски во моментот на нивно достасување или пак истите да може да ги обезбеди, но со значително повисока цена на чинење;<br>3. Валутен ризик или ризик од загуба заради промена во интервалутарните курсеви или промена на вредноста на денарот спрема останатите странски валути;<br>4. Пазарен ризик или ризик од загуба како последица од промена на цената на финансиските инструменти наменети за тргување;<br>5. Оперативен ризик или ризик од загуби кој е последица на несоодветност или потфрлување на интерните процедури, луѓе или системи во рамките на организацијата или како последица на надворешни настани, вклучувајќи и настани со мала веројатност за појава, но со ризик од голема загуба;<br>6. Правен ризик, тековен или иден ризик за загуби врз добивката на банката или сопствените средства предизвикан од непочитување на законските прописи, договори, пропишани практики или етички стандарди или нивно погрешно толкување;<br>7. Ризик од концентрација или ризик од загуби кои можат да бидат |

| | |
|---|---|
| | предизвикани од поединечна дирекна или индирекна изложеност или група изложености;<br>8. Ризик од промена на каматните стапки или ризик од загуба која произлегува од неповолните промени на каматните стапки, а кои влијаат на позициите во портфолиото на банкарските активности;<br>9. Ризик на земја или ризик од загуба поради изложеноста на банката кон одделна земја, кој произлегува од економските, социјалните и политичките услови во земјата-должник;<br>10. Репутациски ризик, тековен или иден ризик од загуби кој произлегува од неповолните согледувања на клиентите, доверителите, акционерите, инвеститорите или регулаторите за работењето на банката;<br>11. Стратегиски ризик, тековен или иден ризик од загуба предизвикан од промените во деловното опкружување, негативните деловни одлуки, несоодветно спроведување на одлуките или недоволна респонзивност од страна на банката на промените во деловното опкружување;<br>12. Ризик од неусогласеност на работењето на Банката со прописите или ризик од изложување на Банката на правни или регулаторни санкции и ризик од настанување на финансиски загуби и загрозување на угледот на Банката, како последица на неусогласеноста на работењето на Банката со прописите (законски и подзаконски акти, правилници и стандарди кои се на сила во РМ, други пазарни узанси и кодкеси, како и интерни акти на Банката). |
| **Структура и организација на функцијата за управување со ризици:** | **Организациска структура на управување со ризиците**<br><br>Организацијата на системот за управување со ризиците се воспоставува на следните хиерархиски нивоа:<br><br>• **Стратешко ниво** - функцијата на следење на ризиците се остварува од страна на членовите на Надзорниот одбор;<br>• **Макрониво** - преку Одборите кои според функцијата на управување директно одговараат и известуваат на Надзорниот Одбор;<br>• **Микрониво** - преку специјализирани интерни одбори кои со активностите ги анализираат,следат и контролираат ризиците и известуваат до макронивото и стратешкото ниво.<br><br>**Стратешко ниво на управување со ризиците**<br>Основната задача на ова ниво на управување и контрола на ризиците каде е поставен Надзорниот Одбор е обезбедување дека активностите кои ги врши банката се во согласност со постојната законска регулатива како и стандардите на Сосиете Женерал Групацијата.<br>Активностите и задачите на Надзорниот одбор на Банката се регулирани со Законот, подзаконски акти и Статутот на Банката.<br><br>**Макрониво за управување со ризиците**<br><br>На ова ниво на управување се формираат три Одбори кои директно одговараат и го известуваат Надзорниот Одбор за следењето и контролата на ризиците. Тука се вклучени следните Одбори:<br><br>➢ Одбор за управување со ризици<br>➢ Одбор за ревизија<br>➢ Одбор за наградување<br><br>**Микрониво за управување со ризиците**<br>Со цел обезбедување на соодветно ниво на заштита од ризиците со кои е |

| | |
|---|---|
| | соочена банката, се формираат специјализирани интерни одбори кои се задолжени за перманентно следење и контрола на сите ризици, како и известување на погорните нивоа:<br>➢ Одбор за управување со средства и обврски<br>➢ Одбор за СПП/СФТ и усогласеност<br>➢ Одбор за нови продукти<br>➢ Одбор за управување со недвижности<br>➢ Одбор за информативна сигурност |
| **Структура на системот за мерење на ризикот и системот за внатрешно известување:** | Банката има воспоставено систем кој овозможува соодветно и навремно мерење и оцена на ризиците, како и известување за големината и структурата на изложеноста на Банката на одделните ризици од работењето.<br>Одборот за управување на ризици (ОУР) во зависнот од влијанието на идентификуваните ризици врз работењето на Банката и загубите кои истите може да ги предизикаат врз добивката или средствата на Банката или да предизвикаат потешкотии во остварувањето на целите на деловната политика, како и можноста за нивно следење, контрола и намалување го оценува степенот на изложеност на секој одделен ризик преку следните квалитативни оценки:<br>• **Високо ниво** на одделниот ризик<br>• **Средно ниво** на одделниот ризик<br>• **Прифатливо ниво** на одделниот ризик<br>• **Ниско ниво** на одделниот ризик<br>Врз основа на утврдената оценка за степенот на влијание на преземниот ризик ОУР донесува заклучоци за преземање мерки и активности за контрола и намалување на одделните ризици и истите ги доставува до Надзорниот Одбор и Одборот за ревизија. |
| **Политики за заштита и намалување на ризикот, како и процедури за следење на ефикасноста на извршувањето на овие политики:** | За заштита и намалување на ризикот Банката има усвоено:<br>• Директива 7 – Внатрешна контрола<br>• Директива 2 – Сектор за Корпоративно управување<br>• Директива 6 – општо делегирање на овластувања од страна на Управен одбор на Банката<br>• Директива 1 – Генерален менаџмент на Банката<br>• Политика за управување со кредитен ризик;<br>• Политика за управување со ризик на земја;<br>• Политика за управување со ликвидносен ризик;<br>• Политика за управување со стратегиски ризик;<br>• Политика за управување со правен и репутацискиот ризик;<br>• Политиката за управување со оперативен ризик;<br>• Политика за управување со пазарен ризик;<br>• Политика за управување со валутен ризик;<br>• Политика за контрола на усогласеноста на работењето на Банката со прописите;<br>• Политиката за Сигурност на Инфомативниот Систем;<br>• Програма за спречување на перење пари и финансирање на тероризам;<br>• Политика за менаџирање на сигурносните логови и ревизорска трага;<br>• Политика за управување со ризикот од промена на каматните стапки во портфолиото на банкарски активности;<br>• Политика за спречување на корупција и други незаконски и неетички однесувања и активности<br>За нивно ефикасно следење се применуваат и:<br>▪ Процедура управување со ризикот од неусогласеност на работењето на банката со прописите;<br>▪ Процедура за интерни извештаи менаџерска контрола;<br>▪ Процедура за управување со стратегиски ризик;<br>▪ Процедура за стрес тестирање; |

| | |
|---|---|
| | ▪ Процедура за лимити на изложеност;<br>▪ Процедура за одобрување на кредитна изложеност на правни лица и водење кредитни досиеа;<br>▪ Процедура за поврзани субјекти;<br>▪ Процедури за мониторинг и наплата на кредити;<br>▪ Инструкција за класификација на кредитна изложеност и пресметка на резервации;<br>▪ Процедура за судир на интереси;<br>▪ Процедура за управување со репутациски ризик;<br>▪ Процедура за извештај за валутен ризик;<br>▪ Процедура за промена на каматните стапки;<br>▪ Процедура за постапување по поплаки од страна на клиенти;<br>▪ Процедури за спроведување на мерките за спречување на перење на пари и финансирање на тероризам;<br>▪ Процедура за регулаторни извештаи за управување со ликвидносен ризик;<br>▪ Процедура за регулаторни извештаи за управување со ризик од промена на каматни стапки во портфолио на банкарски активности;<br>▪ Процедура за управување со стратегиски ризик;<br>▪ Процедура за интерни извештаи;<br>▪ Процедура за стрес тестирање за изложеноста на банката на ликвидносен, каматен и валутен ризик;<br>▪ Процедура за стрес тестирање на изложеноста на банката на кредитен ризик;<br>▪ Процедура за одобрување, реализирање и контрола на комерцијални исклучоци за провизии и исклучоци на ризик;<br>▪ Методологија за управување со правен ризик кој произлегува од судски постапки;<br>▪ Процедура за спречување на корупција и други незаконски и неетички однесувања и активности и заштитено внатрешно пријавување.<br>▪ Инструкција Известување за настани од важност за управување со правен ризик;<br>▪ Политика за управување со правен и репутациски ризик;<br>▪ Процедурата за водење на судски постапки;<br>▪ Процедурата за превземање и реализација на обезбедувањето;<br>▪ Процедурата за засновање на заложно право;<br>▪ Методологија за управување со правен ризик кој произлегува од судски постапки;<br>▪ Упатство за примена на договори за заштита на информации<br>▪ Упатство за управување со правен ризик кој произлегува од договори<br>▪ Процедура за работење во вонредни услови на Дирекцијата за правни работи<br>▪ Процедура за предавање на предмети во работа во адвокатски канцеларии<br>▪ Упатство за примена на посебни одредби во договорите<br>▪ Упатство за начинот на пополнување на меница при нејзино издавање<br>▪ Упатство за начинот на подготовка и потпишување на солемнизација - потврда на приватна исправа: договор за кредит со извршна клаузула (кеш кредит и компакт кредит) |
| **Во однос на управувањето со кредитниот ризик:** | |
| • **Опис на политиката за вршење на исправка на вредноста и за издвојување посебна резерва** | Целта е да се обезбедат основни инструкции за начинот и постапката на почетно признавање на изложеностите на кредитен ризик, последователното пресметување и утврдување на исправката на вредноста и резервациите за изложеностите на кредитен ризик. Изложеноста на кредитен ризик опфатена со процесот на класификација се врши на билансни и вонбилансни побарувања. Дефинирани се активните билансни ставки кои не се предмет на класификација. Утврдувањето на почетниот скор рејтинг за клиенти се врши |

OHRIDSKA BANKA

SOCIETE GENERALE GROUP

| | |
|---|---|
| | согласно скоринг моделот Критезис и тоа одделно за индивидуални и корпоративни клиенти. Намената на скоринг шемата е да овозможи утврдување на почетен скор рејтинг за клиенти земајќи ги во предвид деновите на доцнење по секоја партија. Одделно се дефинирани критериумите за класификација на кредитната изложеност на индивидуални и корпоративни клиенти. Процентот на резервација за секоја ризична категорија е одреден од страна на НБРМ во рамки на следниве граници:<br><br>• Категорија на ризик А 0-5%<br>• Категорија на ризик Б 5-20%<br>• Категорија на ризик В 20-45%<br>• Категорија на ризик Г 45-70%<br>• Категорија на ризик Д 70-100% |
| • **Износ на изложеноста на кредитен ризик, пред и по извршената исправка на вредноста, односно по издвоената посебна резерва** | • 41,094,323,453.91 МКД пред издвоена посебна резерва<br>• 39,577,076,715.85 МКД по издвоена посебна резерва |
| • **Просечна изложеност на кредитен ризик за периодот за кој се објавува и изложеноста по одделни категории на ризик** | Просечна изложеност на кредитен ризик<br>• А – 36,477,396,022 МКД (88.77 %)<br>• Б – 2,756,266,120 МКД (6.71 %)<br>• В – 946,450,553 - МКД (2.30 %)<br>• Г – 277,326,315 МКД (0.67 %)<br>• Д – 636,884,444 МКД (1.55 %) |
| • **Износ на достасаните кредити** | 293,370,388 МКД достасани редовни кредити |
| • **Износот на изложеностите на кредитен ризик за кои е извршена исправка на вредноста, односно е издвоена посебна резерва** | 33,074,531,242 МКД |
| • **Географска дистрибуција на изложеноста на кредитен ризик – Република Македонија,** | • Република Македонија 90.8%<br>• Земји членки на ЕУ 4.0%<br>• Европа (останато) 3.3%<br>• Земји членки на ОЕЦД<br>(без европските земји – членки на ОЕЦД) 2.0% |

| | |
|---|---|
| **земјите-членки на ЕУ, останатите земји во Европа, земјите-членки на ОЕЦД (со исклучок на земјите од Европа), останати земји** | |
| • **Секторска дистрибуција на изложеност на кредитен ризик – изложеност кон:** | • Банки 5,352,475,822 МКД<br>• Други финансиски институции 3,068,663,506 МКД<br>• Нефинансиски институции 21,151,424,606 МКД<br>• Домаќинства 10,468,141,648 МКД<br>• Нерезиденти 1,053,617,872 МКД |
| • **Резидуална договорна рочна структура на изложеноста на кредитен ризик (со рок на достасување до една година и над една година):** | • до една година 16,902,716,632 МКД<br>• над една година 24,191,606,822 МКД |
| • **Структура на изложеноста на кредитен ризик по дејности** | • Земјоделство, шумарство и рибарство 1.97%<br>• Рударство и вадење камен 2.89%<br>• Прехрамбена индустрија 10.18%<br>• Текстилна индустрија и производство на облека и обувки 2.23%<br>• Хемиската индустрија, производство на градежни материјали, производство и преработка на горива 3.25%<br>• Производство на метали, машини, алати и опрема 4.90%<br>• Останата преработувачката индустрија 0.35%<br>• Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација 8.28%<br>• Снабдување со вода и за управување со отпад 0.35%<br>• Градежништво 12.20%<br>• Трговија на големо и трговија на мало, поправка на моторни возила и мотоцикли 37.90%<br>• Транспорт и складирање 4.93%<br>• Објекти за сместување и сервисни дејности со храна 1.27%<br>• Информации и комуникации 1.23%<br>• Дејности во врска со недвижен имот 1.98%<br>• Стручни, научни и технички дејности 1.92%<br>• Административни и помошни услужни дејности 0.89%<br>• Образование 0.44% |

OHRIDSKA BANKA

SOCIETE GENERALE GROUP

| | |
|---|---|
| | • Дејности на здравствена и социјална заштита 2.00%<br>• Уметност, забава и рекреација 0.50%<br>• Други услужни дејности 0.03%<br>• Дејност на домаќинствата како работодавачи 0.00%<br>• Дејност на екстериторијални организации и тела 0.00%<br>• Останато 0.31% |
| | За најголемата изложеност кон одделна дејност податоци за:<br>а) Износот на достасаните кредити<br>б) Износот на изложеноста за која е извршена исправка на вредноста, односно е издвоена посебна резерва<br>в) Износот на изложеноста за која е извршена исправка на вредноста, односно издвоената посебна резерва за идентификуваните кредитни загуби од изложеноста кон дејноста<br><br>• Трговија на големо и мало<br>Изложеност 8,459.7 милиони МКД<br><br>• Градешништво<br>Изложеност 2,724 милиони МКД |
| • **Износот на преструктурираните побарувања, согласно со Одлуката за супервизорските стандарди за регулирање на достасаните, а ненаплатени побарувања на банките** | • 31.12.2016 993,767,792 МКД |
| • **Движењето на исправката на вредност, односно издвоената посебна резерва во текот на извештајниот период** | • 31.12.2015 1.840.988.476,74 МКД<br>• 30.06.2016 1,490,661,903.09 МКД<br>• 31.12.2016 1,517,246,738.06 МКД |
| **Податоци за структурата на портфолиото за тргување** | |

OHRIDSKA BANKA

SOCIETE GENERALE GROUP

| | |
|---|---|
| **Структура на портфолиото за тргување по одделни видови финансиски инструменти со состојба 30.06.2015 година:** | Нема |
| **Политиките кои ги применува банката за распоредување на одредена позиција во портфолиото за тргување или во портфолиото на банкарски активности:** | Нема |
| **Податоци во однос на управувањето со оперативниот ризик** | |
| **Податоци за пристапот за пресметка на капиталот потребен за покривање на оперативниот ризик:** | Охридска Банка АД Скопје го применува Базичниот пристап за пресметка на потребата од капитал за покривање на оперативниот ризик. |
| **Податоци за капиталните вложувања на Банката** | |
| **Краток опис на стратегијата на Банката за стекнување на капитални делови на други правни лица:** | Нема |
| **Краток опис на политиката на Банката за сметководствено вреднување на капиталните вложувања:** | Согласно Политиките банката капиталните вложувања ги класифицира во група на Хартии од вредност расположиви за продажба. Генерално, финансиските средства последователно се мерат по објективна вредност или по амортизирана набавна вредност.  Согласно ИФРС стандардите средствата расположиви за продажба последователно се мерат по објективна вредност и промените се евидентираат во капиталот. |
| **Износ на капиталните вложувања и нивната класификација според видот, т.е. според тоа дали се работи за вложувања во сопственички хартии од вредност за кои постои активен пазар или за вложувања во сопственички хартии од** | 28.062.391,00 денари<br><br>Вложувања во сопственички хартии од вредност |

| | |
|---|---|
| **вредност за кои не постои активен пазар:** | |
| **Секторска структура на капиталните вложувања (капитални вложувања во банки, други финансиски институции, нефинансиски институции, нерезиденти):** | Други финансиски институции |
| **Кумулативен износ на реализирани добивки / (загуби) кои произлегуваат од отуѓувањето на вложувањата во текот на периодот за кој се објавува:** | Нема |
| **Вкупен износ на нереализарни добивки (загуби) од капиталните вложувања:** | Нема |

Н/П = Нема податок